Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 141/1
01.02.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 597/2 од 22.11.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување, во областа членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални и други организации засновани на членство од страна на [redacted] од Скопје со живеалиште на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 01.02.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПОВТОРЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и друго уверување сторено од [redacted] кон [redacted] во областа на јавно информирање и медиуми, како и во областа на дејствување и работа на општински совет.

## О б р а з л о ж е н и е

На 22.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 597/2, од страна на подносителката [redacted] против советничката група на политичката партија Левица во Советот на Општина Центар, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување во областа членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални и други организации засновани на членство.

Претставката првично беше насочена кон советничката група на политичката партија Левица во Советот на Општина Центар, а потоа со допис бр. 08 – 597/3 од 01.12.2022 година претставката беше доуредена и допрецизирана од страна на подносителката, па наместо политичката партија Левица, како потенцијална дискриминаторка беше наведена советничката на Левица во Советот на Општина Центар – [redacted].

Во поднесената претставка се наведува дека на 27.09.2022 година, на 14 – та седница на Совет на Општина Центар подносителката била предложена од страна на независната група „Шанса за Центар" за членка на управниот одбор при ООУ „Св. Кирил и Методиј" – Центар. До советниците биле доставени биографиите на предложените кандидати, според кои тие требале да гласаат за избор на член во управниот одбор на училиштето. Откако била ставена предлог точката, советничката [redacted] од советничката група на Левица зела збор, при што го навела следното:

„Убаво е тие што се грижат за помалите етнички заедници, верувајте дека секоја советничка група се грижи за истото. Но тоа не значи дека ако некој е припадник на друга етничка група ќе се грижи повеќе за добробитта на учениците, меѓутоа сакам да


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

искоментирам за вашиот избор. Таа има низа на кривични пријави и преку нејзиното здружение има финансирано регрутирање на лица за радикален исламизам. Таа и нејзиниот сопруг имаат забрана за влез во неколку европски држави поради истото и вие сакате да ја внесете во училишен одбор, каде што ќе се одлучува за деца од основно образование. Значи поконтроверзен предлог не можевте да дадете.“

Содржината од 14 – та седница на Совет на Општина Центар е достапна на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=QL5c2rMXDpA&t=5665s

Во претставката е наведено дека дополнително советничката на Левица – [redacted] на 27.09.2022 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook објавила статус со следната содржина:

„Советничката група на Шанса за Центар на денешната седница за член на управниот одбор на ОУ ,,Св. Кирил и Методиј" предложија особа која се терети за финансирање на радикален исламизам преку своите невладини и здруженија, чиј членови на семејството (читај сопруг и брат) неофицијално имаат и забрана за влез во неколку држави и беа фаќани во шверц на кокаин!

Да ја ставиш [redacted] член на управен одбор на училиште е исто како на педофил да му дадеш да ти го причува детето!

Благодарение на трезвеноста на општинскиот совет и остриte реакции на советничката група на Левица, за член на тој одбор се изгласа предлогот на Левица!

#ЛевицаОдЦентар
#ЦрвенЦентар“

Горенаведената содржина е јавно достапна на следниот линк: https://www.facebook.com/marija.srebrova/posts/pfbid02b1rs17LV7eBBnoXvzbxZVyfGDf36t9trryHvWusaWDnoeEJFXZgY3xSrXXmfA8Snl

Врз основа на наведените содржини во претставката, подносителката навела дека е дискриминирана од советничката на Левица – [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 01.12.2022 година испрати Известување бр. 08 - 597/4 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] за коешто има повратница од уредна достава.

Подносителката на претставката во претставката изнесе факти и приложи докази со кои го стори веројатно своето тврдење за сторена дискриминација, поради што товарот на докажување премина врз лицето против кое е поднесена претставката, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го тоа предвид и фактот дека потенцијалната дискриминаторка не се произнесе во законски предвидениот рок, Комисијата при носење на мислењето ги ценеше исклучиво наводите од претставката.

Слободата на изразувањето е регулирана со **член 16 од Уставот на Република Северна Македонија**:

*„(1) Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.*
*(2) Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.*
*(3) Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации."*

Слободата на изразување во **Европската конвенција за заштита на човековите права е предвидена во член 10**:

*„1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, **угледот или правата на другите**, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството."*

Од друга страна во **Европската конвенција за заштита на човековите права со член 17** се забранува злоупотреба на правата предвидени во Конвенцијата:

*„Ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој, на некоја држава, група или поединец им е дадено право да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признати со оваа Конвенција, или да ги ограничуваат овие права и слободи во мерка поголема од онаа предвидена со Конвенцијата."*

Во својата пракса Европскиот суд за човекови права претендира да ја зачува суштинската природа на слободата на изразување во демократкото општество, но воедно ги поставува границите на таа слобода. Судот смета дека говорот кој е некомпатибилен со вредностите прогласени и гарантирани со Конвенцијата треба да биде изземен од заштитата на членот 10 врз основа на член 17 од Конвенцијата.

Во конкретниот случај дискриминаторката ја злоупотребила слободата на изразување спротивно на нејзината вистинска цел, со тоа што извршила дејствија спротивни на начелата на недискриминација, толеранција, социјален мир, соживот на припадниците на општеството, кои се прокламирани со Конвенцијата. Врз основа на тоа Комисијата ценеше дека дискриминаторката го преминала прагот на искази што имаат право на заштита според членот 10 од Конвенцијата.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека е исполнета законската дефиниција за **вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Со содржината на своето обраќање на 14 – та седница на Совет на Општина Центар советничката [redacted] предизвикала вознемирување кон подносителката на претставката, врз основа на нејзината етничка припадност, религиско и верско уверување и друго уверување во областа на дејствување и работа на општински совет.

Освен тоа, со објавување на горенаведените содржини на нејзиниот профил на социјалната мрежа Facebook, повторно предизвикала вознемирување кон подносителката на претставката врз истите дискриминаторски основи, во областа на јавно информирање и медиуми.

Оттука, дискриминаторката извршила вознемирување во два наврати, врз исти дискриминаторски основи кон подносителката на претставката, со што е направен потежок облик на дискриминација – повторена дискриминација и повеќекратна дискриминација.

**Потешки облици на дискриминација – член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета **повеќекратна дискриминација**, интерсекциска дискриминација, **повторена дискриминација** и продолжена дискриминација."*

**Повторена дискриминација – член 4, став 1, точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повторена дискриминација е дискриминација што е вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи."*

**Повеќекратна дискриминација – член 4, став 1, точка 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повеќекратна дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи.“*

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење дека во конкретниот случај [redacted] преку искажување на вознемирувачки содржини во своето обраќање на седницата на општинскиот совет и објавување на конкретните содржини на својот профил на социјалната мрежа Facebook извршила повторена, повеќекратна дискриминација, односно вознемирување врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и друго уверување кон [redacted] во областа на дејствување и работа на општински совет, како и во областа на јавно информирање и медиуми. Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ги отстрани спорните содржини од својот кориснички профил на социјалната мрежа Facebook, кои продуцираат вознемирување, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да упати писмено извинување за сторeното вознемирување до подносителката на претставката – [redacted] **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од изразување на содржини кои продуцираат вознемирување врз било која од дискриминаторските основи.

Доколку дискриминаторката не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
01.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]